# ЦЕЛОСНО МОБИЛНИ ?




Зоран Глигоров

Со години, најголем проблем на луѓето кои често патуваат е да останат во контакт со светот. Многу зделки пропаѓаат токму поради тоа што во одреден момент, некое лице е на службен пат или не е во можност да оствари контакт со другите. Телефоните се покажаа комплицирани за оние кои се многу мобилни, а и извонредно скапи за оние кои се принудени да ги користат хотелските телефони. Пејџерите беа добро решение, затоа што им овозможија навистина на мобилните луѓе еден вид поврзаност со другите. Но, техниката не застана тука. Неодамна низ целиот свет настана еден бум од мобилни телефони и факсови, нешто што, на наша радост, се појави и во главниот град на нашава држава.

Принципот на работа на мобилните телефони е сличен како кај радио станиците. Телефонскиот сигнал, аналоген или дигитален, се пренесува преку радио-врска наместо преку кабел. Тоа значи дека секој од овие телефони работи на некоја фреквенција, најчесто доста висока, за да се намали големината на антената, а овој сигнал посебни уреди го пренесуваат до поштата. Нас нè интересира колкави се можностите на ваквите телефони да се приклучат модеми, па така да се обезбеди модемска врска за трансфер на податоци.

Доколку ова е можно, би се остварил сонот на многу бизнисмени: да контактираат со својата фирма во секое време, да можат кога сакаат да пристапуваат до информации од секаков тип, што ќе им овозможи да пристапат и на Интернет каде се губат сите граници.

Вакви поврзувања се можни, но се многу ограничени. Аналогните телефони се приклучуваат на било какви модеми, но поради слабиот квалитет на врската таа се ограничува на 2400bps, или евентуално на 4800. Ова е не многу задоволително. Дигиталните телефони, пак, користат посебни конвертори на аналогниот сигнал (човечкиот глас) во дигитален сигнал што се испраќа понатаму. Дигиталниот сигнал не може да се оштети, така што шумот целосно се избегнува, а уште подобра особина им е што сигналот може да се мултиплексира. Ова ги намалува трошоците на телефонската компанија за инсталирање примо-предајници на различни фреквенции. Исто така, практично е невозможно мешање на линиите или нивно прислушкување. Не е многу значајно модемот што ги претвора дигиталните сигнали од компјутерот во аналогни, да се поврзе со телефонот за овие сигнали повторно да се претворат во дигитални. Затоа на најголемиот број вакви телефони има посебен дигитален приклучок поставен пред аналогно/дигиталниот конвертор, што е наменет за приклучување на дигитални уреди. Ова не само што заштедува купување модем, туку и практично оневозможува појавување на грешки при трансферот. Повторно максималната брзина е ограничена со фреквенција, но се појавува уште еден проблем. Со цел да заштедат на инвестиции, телефонските компании мултиплексираат премногу телефони на една линија, со што значително се намалува квалитетот. Доколку има само еден дигитален телефон на линија, максималната врска може да достигне и 14400bps, но ова ретко се случува. Најчесто максималната врска изнесува 9600bps, што е во секој случај подобро отколку кај аналогните телефони.

И на крај доаѓа она што многу луѓе ќе ги спречи да купат вакви системи: цената. И покрај тоа што мобилните телефони имаат мошне ниска цена, многу пониска од квалитетните безжични, телефонските разговори се далеку поскапи од разговорите (или врските) остварени на обични телефони. Но, ова сепак е најдобро решение за оние кои многу патуваат. На овој начин, и најмобилните бизнисмени можат да се чувствуваат како во својата канцеларија каде и да се.




Доколку сте пропуштиле некој од броевите на ИнФорма, ви нудиме решение во вид на картичка за нарачка на претходните 12 броеви од списанието

*Специјална понуда: Сите броеви на ИнФорма за 1994 год. за само 1.000,00 ден.*

## Прва и единствена книга на македонски јазик за оперативниот систем UNIX




**Цена: 700,00 ден.**

## Прво и единствено издание во Светот (учебник, работна тетратка, 2 касети)




**Цена: 1.800,00 ден.**

# HP ENTRIA X TERMINAL FAMILY




Продажба и сервис на комплетна HP програма:

- **Компјутерски системи**
  - деловни системи
  - графички работни станици
  - персонални компјутери (PC VECTRA)
  - принтери, плотери, скенери
- **Мерна опрема**
- **Медицинска опрема**
- **Аналитичка опрема**
- **Овластен сервис**
- **Гаранција**

**HERMES PLUS**

Овластен дистрибутер на Hewlett - Packard за Македонија

**ХЕРМЕС ПЛУС** д.о.о.

Компјутерски и мерни системи
„Осма ударна бригада“ 20а,
91000 Скопје, Македонија
тел. +389 91 11 75 77
факс +389 91 22 90 86

yes NetWare Tested and Approved

intel inside

HEWLETT PACKARD Authorized Distributor


COMPAQ
USA MAK
Computers
First Authorized Compaq Dealer
Максим Горки 35 (спроти Грација) тел./факс: (091) 117-195, 236-779